*ОПШТИНА КАРПОШ*
*СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС*
***Одделение за образование***

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 22, став 1, точка 8, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2020 година, Глава II Проектни активности, точка 8.Поддршка на проекти од областа на образованието („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 24/2019), како и врз основа на Одлуката за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2020 година бр. 09-493/7 од 29 јануари 2020 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 3/2020) од 30 јануари 2020 година, Општина Карпош распишува

# О Г Л А С
## за финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2020 година

### I. Право на пријавување

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заинтересирани физички лица, жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани за дејности кои го опфаќаат образованието во сите области, а кои со своите програми, проекти и активности придонесуваат за развој на образованието во општината и пошироко.

Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата.

### II. Потребни документи и услови за учество

**Физички лица:**

1. Лична карта во фотокопија,
2. Изработен проект и
3. Финансиски план на проектот

**Правни лица**

1. Изработен проект,
2. Финансиски план на проектот,
3. Тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија,

не постара од 6 (шест) месеци
4. Краток опис на активностите од претходната година.

## III. Критериуми за доделување на финансиска поддршка:

1. Проектот да е од посебен интерес за граѓаните – жители на Општина Карпош
2. Проектот да предвидува вклучување на децата и наставниците од основните училишта во Општина Карпош

## IV. Висина на Финансиската поддршка и рангирање

Во зависност од приложените документи, Општина Карпош висината на финансиската поддршка ќе ја додели во рамките на своите можности.

## V. Начин на пријавување

Документите можат да се доставaт по пошта на ул. „ Радика “ бр. 9 – Скопје или во Архивата на Општина Карпош, барака бр. 2, со ознака „ Не отворај “ и со назнака „ За финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2020 година “.

## VI. Рок за поднесување на документите

Предлог - Проектите може да се доставуваат во текот на 2020 година, односно до исцрпување на предвидените финансиски средства наменети за оваа намена.

Некомплетните документи нема да бидат разгледувани.

**Општина Карпош**